Врз основа на член 41 од Статутот на Македонска берза АД Скопје, како и врз основа на точка 2.2 став 5 и точка 2.3 став 1 од Анекс 1 од Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје, Одборот на директори на Берзата на својата XXI седница одржана на 12.02.2010 година донесе

**ОДЛУКА**
**за определување на времето за пријавување и објавување на склучена администраторска блок трансакција на Македонска берза АД Скопје**

1. Администраторска блок трансакција, заедно со потребната документација, се пријавува на Берзата најдоцна до 15:00 часот во денови на тргување.

2. Берзата ја објавува пријавена администраторска блок трансакција најдоцна до 09:30 часот следниот ден на тргување по денот на тргување во кој истата била пријавена.

3. По исклучок од точка 2 на оваа Одлука, а во согласност со точка 2.3 став 4 од Анекс 1 од Правилата за тргување, Берзата може да објави пријавена администраторска блок трансакција вториот ден на тргување по денот на тргување во кој е пријавена администраторската блок трансакција, најдоцна до 09:30 часот, без оглед на евентуално променетите пазарни и други услови од денот на пријавување на администраторската блок трансакција.

4. Одлуката да се достави до Комисијата за хартии од вредност, членките и архивата на Берзата.

5. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе почне да се применува со денот на отпочнување на примената на Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје за кои е добиена согласност од Комисијата за хартии од вредност со Решение бр.УП1 08-5 од 07.12.2009 година.

**Одбор на директори**

**Претседател**

**Кристијан Поленак**